Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/15

# З А П И С Н И К
од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 10 март 2020 година

Скопје, март 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година**

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика и Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, д-р Владимир Наумовски, претседател на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Тања Чачарова-Илиевска, советник во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Билјана Пецовска, нотар.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на записниците од 4-та, 5-та, 11-та и 14-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 21 јануари 2020 година во Штип, 28 јануари 2020 година, 25 февруари 2020 година и 6 март 2020 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:**

- Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција

- Записник од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за Управување со кризи, одржана на 10 март 2020 година, во врска со потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на коронавирусот

1. Барање за итно отстапување на 143.000 литри Еуродизел БС гориво, без надомест, за превоз на ученици од училиштата за средно образование на територијата на Општина Штип до завршување на учебната 2019/2020 година, со дополнување и Предлог – одлука

2. Предлог - одлука за изменување на Статутот на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје

3. Барање за давање согласност на Статутот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, со Предлог – одлука

4. Информација за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности, со Предлог – одлука

5. Информација за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (ИАК) (за период од 1.7.2019 до 31.12.2019 година)

6. Информација за прогресот на активностите поврзани со одобрувањето на извозот во Европската Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско) јајца, риба и производи од риба

7. Информација за извршен увид во „Макпетрол Темко", Скопје

8. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-206/18 (Гостивар)

9. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-207/18 (Гостивар)

10. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-208/18 (Гостивар)

11. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-209/18 (Гостивар)

12. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-210/18 (Гостивар)

13. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-211/18 (Гостивар)

14. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-212/18 (Гостивар)

15. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-213/18 (Гостивар)

16. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-214/18 (Гостивар)

17. Предлог - одлука за запишување на право на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижностите ДП.Бр.03-242/18 (Гостивар)

18. Информација во врска со поднесено Барање за категоризација на угостителски објект за сместување од „Вју Ин Бутик Хотел“, Скопје, со Предлог - решение за утврдување на категорија на угостителски објект

19. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на регионален пат „Р29272 (Стара ознака Р-102) Опае-Станчиќ-Граница со Косово” на минерална суровина-варовник на локалитетот „Езерски Рид“, Општина Липково

20. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

21. Информација за новиот статус на Република Северна Македонија – придружена членка во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА), со работна дефиниција

22. Информација за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Олури против Република Северна Македонија, А.бр.3368/18, со Предлог-одлука

23. Информација за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините, со Извештај од Меѓуресорската работна група за анализата на состојбите со финансирањето на пренесените надлежности на општините

24. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања“, Скопје

25. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје

26. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот ученички дом „Мирка Гинова“, Битола

27. Решение У.бр.27/19 од 22 јануари 2020 година за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови, донесена од Владата на Република Македонија на 28.2.2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.32/09)

28. Понуда од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 22047 за КО Сингелиќ 2 и Имотен лист бр.28515 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.1963

29. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6217 за КО Штип 4 на КП бр.9453 викано место/улица Град

30. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 953 за КО Бутел на КП бр. 5047 викано место/улица „Хо Ши Мин"

31. Понуда од нотар Јанко Милушев од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15459 за КО Струмица на КП бр.2791 дел 0 викано место/улица „М.Тито" 61

32. Налог за извршување врз недвижност под И.бр.761/17, доставен од Извршител Снежана Андреевска од Скопје

33. Кадровски прашања

34. Прашања и предлози

35. Конечни извештаи на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи

36. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јули 2019 година до 30 септември 2019 година

37. Тримесечен извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година и Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година

38. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми"-п.о.-Скопје за периодот октомври-декември 2019 година

39. Годишен извештај за работа на Цивилно - воениот комитет за воздухопловство за 2019 година

40. Информација за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија за периодот од 1.8.2019 година до 31.1.2020 година

41. Информација во врска со склучување на Меморандум за соработка заради одржување на финансиска стабилност

42. Извештај за реализација на Буџетските средства за 2019 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2017-2019 година

43. Информација од Работната група која е задолжена да изработи анализа за начинот и можностите за субвенционирање

44. Извештај за реализација на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата

45. Информација за реализирани средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија од 2014 до 2018 година за Потпрограмата 4А - плоштад „Скендербег“

46. Информација за спроведување на проектот „Грантова шема за регионален развој и постигнати резултати“

47. Информација за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси - Скопје“ во државна сопственост, со предлог – одлуки

48. Понуда од нотар Кристина Костовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.959937 за КО Чаир, на КП 1173/2 и КП 1173/7, м.в. „II Македонска Бригада“ бб и доставената Исправка

49. Информација за потребата од законска пресметка и исплата на платите и надоместоците на плати на вработените во територијалните противпожарни единици (ТППЕ) во Република Северна Македонија

50. Информација во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 82, МХЕЦ Пена со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 85, МХЕЦ „Шеличе“ со реф.бр.91 на концесионерот „Гравис Хидро“ ДОО Гостивар од аспект на заштитата на подрачјето на Шар Планина

51. Информација за статус на прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата Национален парк и прогласување на дел од Осоговските планини за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел

52. Информација во врска со Известувањето на „Wizz Air“ за привременото суспендирање на летовите од аеродромите во Република Северна Македонија кон и од Италија

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 4-та, 5-та, 11-та и 14-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржани на 21 јануари 2020 година во Штип, 28 јануари 2020 година, 25 февруари 2020 година и 6 март 2020 година.

*

*          *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на Европска интеграција**

Владата ја разгледа Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) ревизија 2020 - 2023 – 2025 (верзија 1, за консултации) и ја усвои со заклучок Секретаријатот за европски прашања, со цел произнесување по истата, да ја достави до сите надлежни институции.

- **Записник од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за Управување со кризи, одржана на 10 март 2020 година, во врска со потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на коронавирусот**

Владата го разгледа Записникот од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 10 март 2020 година, со Записник од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, во врска со потребата од преземање дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста КОВИД - 19 (коронавирус) и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, со цел превенција и ширење на овој вирус, Владата ги усвои следниве заклучоци, мерки и препораки:

1. Да се заострат мерките и активности за превенција од ширење на коронавирусот на целата територија на Република Северна Македонија.

2. Да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија, во наредните 14 дена, а вработените лица во овие институции да бидат ослободени од работа во овој период.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор, за вработените лица во овие институции и фирми кои имаат малолетно дете со навршена возраст до 10 години за кого е неопходна домашна грижа, еден родител да биде ослободен од работа и работни активности и неговото отсуство за време на овој период да биде евидентирано како оправдано од работодавачот.

4. Да се прекине со посета на сите вон училишни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваат вон наставата (посета на воспитно – образовни активности, курсеви, дополнителни часови, спортски тренинзи и сл.), во наредните 14 дена.

5. Да се прекине со наставата во високо – образовни установи и јавните научни установи на територијата на Република Северна Македонија, во наредните 14 дена.

6. Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Бирото за развој на образованието, согласно одредбите од Законот за основното образование и Законот за средното образование, да ја организираат наставата согласно законските прописи за деновите кои нема да се работат.

7. Да се забранат масовни собири и настани на отворен и затворен простор, како и сите културни настани и манифестации на територијата на Република Северна Македонија, со над 1.000 учесници, во наредните 14 дена.

8. Се препорачува масовни собири и настани на отворен и затворен простор, како и сите културни настани и манифестации на територијата на Република Северна Македонија, со помалку од 1.000 учесници, во наредните 14 дена, да не се одржуваат.

9. Да се забрани присуство на гледачи (публика) на сите спортски настани на територијата на Република Северна Македонија, во наредните 30 дена.

10. Да се воведе задолжителна самоизолација на сите лица кои доаѓаат од високо и средно ризичните држави, во период од 14 дена, согласно листата на Светската здравствена организација (редовно се ажурира и е објавена на веб страницата на Светската здравствена организација на следниот линк: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019).

11. Да се забрани извоз на медицинска опрема и медицински средства и материјали од страна на економските оператори и производители од Република Северна Македонија, освен со посебна дозвола која ја издава Министерството за здравство.

12. Да се препорача на возрасните и повисокоризичните категории на граѓани со хронични болести да го намалат своето движење и да го избегнуваат јавниот превоз.

13. Да се препорача избегнување на патување во земји кои се од висок и среден ризик, согласно листата на Светската здравствена организација (редовно се ажурира и е објавена на веб страницата на Светската здравствена организација на следниот линк: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019).

14. Се укажува на Државната изборна комисија за вработените од јавните здравствени установи кои се ангажирани за потребите на изборниот процес, истите да ги ослободи од понатамошно учество во сите активности и да бидат заменети со други лица.

15. Физичките и правните лица што не ги почитуваат и кои ги прекршуваат препораките да бидат казнети, согласно член 205 и 206 од Кривичниот законик.

16. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски и АД „М-НАВ“, Скопје, веднаш да воведат „health locator“ карта за сите летови и сите авиокомпании.

17. Да се забрани организиран меѓународен автобуски превоз (автобус, комбе, минибус и сл.) кон високо ризичните земји, како и од тие земји кон Република Северна Македонија, согласно листата на Светската здравствена организација (редовно се ажурира и е објавена на веб-страницата на Светската здравствена организација на следниот линк: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019 ).

18. Да се зајакне присуството на волонтерите од Црвениот крст на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за здравство, на сите гранични премини во Република Северна Македонија.

19. Целосно да се почитуваат мерките за превенција од оваа болест, упатени од Министерството за здравство.

20. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор, времено да ги ослободат од работа и работни активности бремените жени и хронично болните лица (не одење на работно место и овие лица да останат во своите домови).

21. Се задолжуваат Министерството за здравство и Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, веднаш, во текот на денешниот ден да дадат мислење и да утврдат категории на лица кои треба да бидат ослободени од работа и работни активности и за истото веднаш да ги информираат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, единици на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и стопанските комори во Република Северна Македонија.

22. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор, да ги откажат сите настани, патувања, собири, обуки, семинари, конференции и друг тип на средби, за време на овој период.

23. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор да преземат активности за одржување на хигиената на највисоко можно ниво и да воведат средства за дезинфекција во институциите.

24. Се задолжуваат Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги координираат активностите во насока на реализација на заклучокот под бр.23 за органите на државната управа.

25. Се задолжува Министерството за внатрешни работи, преку службите за внатрешна безбедност во органите на државната управа каде има припадници на Министерството за внатрешни работи, истите да не дозволат влез на странки без претходно да биде извршена нивна дезинфекција на влезот во институцијата.

26. Се задолжуваат Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија овие заклучоци, мерки и препораки веднаш да ги објават на своите веб-страници и да ги достават до сите пишани и електронски медиуми, со цел редовно информирање на граѓаните за истите (особено повеќекратно во текот на денешниот ден преку телоп).

27. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост, агенции, фондови, бироа, заводи, управи и сите останати државни институции, а се укажува на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, како и се препорачува на приватниот сектор да ги достават овие препораки преку соодветните организациони единици за човечки ресурси во нивните институции до сите вработени, со цел навремено запознавање за истите.

28. Да се забрани користење од секаков тип на пливачките базени на територијата на Република Северна Македонија,  за период од 14 дена.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата во врска со Барањето за итно отстапување на 143.000 литри Еуродизел БС гориво, без надомест, за превоз на ученици од училиштата за средно образование на територијата на Општина Штип до завршување на учебната 2019/2020 година, со дополнување и Предлог – одлука укажува на Општина Штип да поднесе ново барање до Бирото за јавни набавки со образложение за итноста и неодложноста за отстапувањето на горивото, без надомест и за истото да ја извести Владата.

Истовремено, Владата заклучи Бирото за јавни набавки да ги разгледа сите можности за позитивно произнесување по ова барање.

## Точка 2

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Статутот на Акционерското друштво за аеродромски услуги „Аеродроми на Република Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата по новиот текст на Барањето за давање согласност на Статутот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука, ја донесе Одлуката за давање на согласност на Статутот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на работите на премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени активности за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари (ИАК) (за период од 1.7.2019 до 31.12.2019 година) и ја усвои со следниот заклучок:

-Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство до Владата да доставува информација за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (ИАК), еднаш годишно, а најдоцна до 15 декември 2020 година.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите поврзани со одобрувањето на извозот во Европската Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба, ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство да достави информација за прогресот на активностите поврзани со одобрувањето на извозот во Европската Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба по промена на статусот на Република Северна Македонија во однос на извоз на свинско месо во Европската Унија.

Истовремено, согласно мислењето на Секретаријатот за европски прашања, Владата ги задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од шест месеци да подготват и до Владата да достават информација во која ќе биде даден преглед на ефектот од одобрениот извоз на горенаведените производи во Европската Унија, во насока на зголемување или намалување на бројот на извезени земјоделски производи во земјите членки на Европската Унија, како и ефектот врз бројот на производители и бројот на преработувачки објекти.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за извршен увид во „Макпетрол Темко“, Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана и Дирекцијата за заштита и спасување да преземат соодветни активности и мерки за уништување на експлозивните направи што се наоѓаат во подрумските простории од хала 6.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор за ангажирање на Институтот за хемија, ПМФ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје со цел изготвување на анализа со која ќе се утврди видот на сите материи со непознат хемиски состав, со предлог за нивна дислокација и одлагање и/или метод за уништување.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги предаде сите материи со непознат хемиски состав на Институтот за хемија, ПМФ Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со цел да се изготви потребната анализа од заклучокот број 2.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-206/18 (Гостивар), (најнов текст-4.3.2020 година), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-207/18 (Гостивар), (најнов текст-4.3.2020 година), во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во катастарот на недвижности ДП.бр.03-208/18 (Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во катастарот на недвижности ДП.бр.03-209/18 (Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП бр.03-210/18 Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП бр.03-211/18 Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-212/18 (Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-213/18 (Гостивар), во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе најновиот текст Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-214/18, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе најновиот текст Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ДП.Бр.03-242/18, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објект за сместување поднесено од Вју ин бутик хотел, Скопје (со седиште на ул. Славејко Арсов бр. 2-24/Б Скопје, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди супериор), со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на регионален пат „Р29272 (Стара ознака Р-102) Опае-Станчиќ-Граница со Косово" на минерална суровина-варовник на локалитетот „Езерски Рид", Општина Липково, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за новиот статус на Република Северна Македонија – придружена членка во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА), со работна дефиниција и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја прифати работната дефиниција на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА) за негирање и искривоколчување на холокаустот која што гласи: „Негирањето на холокаустот претставува дискурс и пропаганда кои што ја негираат историската вистина и обемот на истребувањето на Евреите од страна на нацистите и нивните соучесници за време на Втората светска војна, попознато како холокауст или шоа.".

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од десет дена, да ги информира сите органи на државната управа и сите институции кои немаат статус на орган на државна управа, да ја земат во предвид прифатената работна дефиниција на ИХРА за негирање и искривоколчување на холокаустот во вршење на работите од нивна надлежност.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи во рок од десет дена, да ја информира Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА), дека Владата на Република Северна Македонија ја прифатила работната дефиниција на ИХРА за негирање и искривоколчување на холокаустот.

4. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието и му се укажува на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, документот „Препораки за предавање и учење за холокаустот" на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (ИХРА), во рок од три месеци, да го преведат на македонски, албански, турски и српски јазик и да го достават до сите релевантни образовни институции во Република Северна Македонија.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за правосилноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Олури против Република Северна Македонија, А.бр.3368/18, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотации за општините, со Извештај од Меѓуресорската работна група за анализата на состојбите со финансирањето на пренесените надлежности на општините и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за финансии, во соработка со Министерството за локална самоуправа за препораките бр.1, бр.2 и бр.18, Министерството за образование и наука, за препораките бр.5, бр.6, бр.7, бр.8 и бр.9, Министерството за култура, за препораките бр.10 и бр.11, Министерството за труд и социјална политика, за препораките бр.12 и бр.13, Министерството за одбрана, за препораката бр.14, а за препораките бр.3, бр.4, бр.15, бр.16 и бр.17 се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за одбрана, во соработка со Министерството за локална самоуправа, секој во делот на својата надлежност, најдоцна до 30 јуни 2020 година да достават информација до Владата за реализација на истите, со акциски план за нивно спроведување.

**Точка 24**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања", Скопје, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар Скопје, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Државниот ученички дом „Мирка Гинова", Битола (мебел), во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа Решението У.бр.27/19 од 22 јануари 2020 година за поведување постапка за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови, донесена од Владата на Република Македонија на 28.2.2009 година („Службен весник на Република Македонија" бр.32/09) и притоа го утврди следното мислење:

До Уставниот суд на Република Северна Македонија, Борко Симовски од Скопје, достави Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Македонија" бр.32/09).

Според наводите во Иницијативата, со оспорената одлука извршена е повреда на член 8 став 1 алинеја 3, член 51, член 52, член 68 став 1, алинеја 2, член 91 алинеја 1, член 110, член 112 став 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, како и на

член 243, 248 и примената на член 76 став 1 точка 3) под б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Одлуката за утврдување на должности во трупа заклучно со бригада и соодветна единица и одредени должности во команда на корпус и во воени установи во кои службата се врши под трупни услови („Службен весник на Република Македонија" бр.32/09) е донесена врз основа на член 94 став 1 точка 3) под б) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05, 70/06, 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10, 156/10, 24/11, 51/11 и 11/12) кој престанал да важи, а во која се утврдени должностите за чие вршење секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности, се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување.

Со донесување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.180/19, 275/19 и 31/20), престана да важи Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 3/94, 14/95, 71,96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05, 70/06, 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10, 156/10, 24/11, 51/11 и 11/12), а со тоа и правниот основ за донесување и примената на оспорената одлука, како акт донесен врз основа на закон кој престанал да важи.

Според член 243 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, подзаконските акти чие донесување е предвидено со истиот, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Според член 248 од истоимениот закон, со денот на влегувањето на сила на овој закон, престануваат да важат Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 3/94, 14/95, 71,96, 32/97, 24/00, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 84/05, 101/05, 70/06, 153/07, 152/08, 161/08, 81/09, 156/09, 83/10, 156/10, 24/11, 51/11 и 11/12) и Законот за матичната евиденција на осигурениците и корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.16/04, 55/07, 102/08 и 51/11).

Со оглед на тоа што временскиот период на важење на оспорената одлуката е веќе одамна изминат и истата нема законски основ ниту правно дејство за нејзина примена, а и фактот дека во изминатиот период од влегувањето во сила на актуелниот Закон за пензиското и инвалидското осигурување, беа извршени повеќе измени во организациско - формациска структура на Армијата на Република Северна Македонија, со трансформација на единици, команди, штабови и укинување на одредени формациски состави, како корпуси и воени установи, како и новиот законски основ за донесување на оспорената одлука, Министерството за одбрана до Министерството за труд и социјална политика, доставуваше иницијативи со укажувања за потребата од донесување на нова одлука, со конкретни предлози за содржината на истата.

Со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20) и дополнувањето на истиот со нов член 147-а, во кој прв пат законски се уредува стажот на осигурување со зголемено траење за целокупниот активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, што досега не беше случај, како и измената на ставот (2) на член 2 од истиот, во кој се уредува кои должности се сметаат како вршење на служба во Армијата, согласно обврските и правилата во НАТО во сегментот на применливоста на член 5 од Северноатлантскиот договор, Министерството за одбрана до Министерството за труд и социјална политика, достави Иницијатива со работна верзија на Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, од 7.2.2020 година.

Во истата се предложи измена на точката 3), потточки а) и б) на член 76 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, во смисла на следното „3) секои 12 месеци ефективно поминати на тие должности, се сметаат како 15 месеци стаж на осигурување, во вршење сите останати должности кои ги врши активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, согласно со Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија, кои не се опфатени во работите и должностите од точките 1) и 2) на овој член.“, односно на член 76 став 1 од Законот, со што правниот основ за донесување на одлуката од страна на Владата, односно член 76 став 1 точката 3) под б), да престане да постои, а проблематиката на осигурениците од одбраната од член 11 став 1 точка (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, да се уреди само со закон.

Владата на Република Северна Македонија ве известува дека Министерството за труд и социјална политика ја разгледа доставената Иницијатива на Министерството за одбрана и ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со цел негово усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20), во делот на осигурениците во одбраната.

Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за запирање на постапката за оценување на уставноста и законитоста на оваа одлука.

<u>Точка 28</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 22047 за КО Сингелиќ 2 и Имотен лист бр.28515 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.1963 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

<u>Точка 29</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6217 за КО Штип 4 на КП бр.9453 викано место/улица Град и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на  Министерството за транспорт и врски.

## Точка 30

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 953 за КО Бутел на КП бр.5047 викано место/улица „Хо Ши Мин“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 31

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јанко Милушев од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.15459 за КО Струмица на КП бр.2791 дел 0 викано место/улица „М.Тито“ 61 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на АД за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење на Републиката.

## Точка 32

Владата го разгледа Налогот за извршување врз недвижност под И.бр.761/17, доставен од Извршител Снежана Андреевска од Скопје и по Налогот го усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

## Точка 33

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 34

1. Владата по Барањето за изменување на Заклучок од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година (бр.44-1351/1), Точка 3 по Информацијата за присуство на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО, а кој гласи:

„2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да формира работна група од претставници на Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за катастар на недвижности, Општина Охрид, Општина Струга, Општина Дебрца, Управата за заштита на културното наследство и Националната установа-Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид, која во рок од 10 дена да изработи акциски план за постапување по Инвентарот за бесправно изградени објекти и спроведување на соодветните студии и за истото да ја информира Владата.“, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од седум дена да формира работна група со претставници од Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за катастар на недвижности, Општина Охрид, Општина Струга, Општина Дебрца, Управата за заштита на културното наследство, Националниот парк „Галичица“ и Националната установа – Завод за заштита на спомениците на културата и музеј –

Охрид, која по претходно добиена валидна катастарска подлога во .dwg формат од Агенцијата за катастар на недвижности, да изработи и достави интегрална подлога за сите три општини со нанесена граница на Охридскиот Регион, граница на Националниот парк „Галичица“, граница на крајбрежниот појас на Охридското Езеро од 50 метри и местоположба на бесправните градби кои се дадени во инвентарот за Охридскиот Регион и за истото да ја информира Владата најдоцна до 30 март 2020 година.“ .

**2.** Владата го разгледа Барањето од Државната изборна комисија за ослободување од работни обврски на сите вработени кои се избрани како членови на изборните органи (ИОИ и ОИК), како и сите лица кои преку Државната изборна комисија се вклучени во постапката како помошно тело и лица за едукација на изборните органи, за кои Државната изборна комисија веќе достави Известување до институциите во кои истите се во редовен работен однос, го прифати и ги задолжи државните институции да ги ослободат ангажираните лица од работни обврски согласно Барањето, а вработените од јавните здравствени установи кои се ангажирани за потребите на изборниот процес да се ослободат од понатамошно учество во сите активности и да бидат заменети со други лица.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 2 март 2020 година до 8 март 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата по Барањето на Општина Василево за продолжување на рокот за постапување по Заклучок од Седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 февруари 2020 година по однос на Точка 6, Збирен извештај за настанатите штети од елементарните непогоди кои ги зафатија општините: Василево, Гази Баба, Могила и Прилеп, заклучи рокот во заклучокот број 4 да се продолжи и да биде до крајот на јули 2020 година.

**5.** Владата го разгледа Барањето за престанување на важење на заклучоци од седници на Владата, доставено од Министерството за здравство и притоа заклучи:

1) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува Акциски план за реализација на инцијативата за соединување - централизирање на дејноста Онкологија и Радиотерапија во рамките на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје со основање на подрачни одделенија во ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје, КБ Штип и КБ Битола, како и низ останатите градови во Републиката, со конкретни чекори, рокови, правни модалитети и слично, како и информации за прогрес на активностите, согласно Заклучокот по точката 87 - Информација по инцијативата за соединување - централизирање на дејноста Онкологија и Радиотерапија во рамките на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје со основање на подрачни одделенија во ГОБ „8-ми Септември“ - Скопје, КБ Штип и КБ Битола, како и низ останатите градови во Републиката, донесен на 152-та седница на Владата, одржана на 3 септември 2019 година.

2) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за

имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје, Сметка за редовно работење, во функција на надминување на утврдените состојби и истиот, согласно Заклучокот по точката 80 - Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2017 година на Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје, Сметка за редовно работење, донесен на 140-та седница на Владата, одржана на 18 јуни 2019 година, од причина што е целосно реализиран акцискиот план за Јавна установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје.

3) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации во врска со постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, согласно Заклучокот под број 3 од точката 67 - Информација за давање на одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци, донесен на 118-та седница на Владата, одржана на 5 февруари 2019 година, од причина што информацијата за набавка на опрема за Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кавадарци е содржана во Извадок од Нацрт-записникот од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 јануари 2020 година за измена на заклучокот бр. 1 од Точка 61, од 172 - та седница на Владата, одржана на 24 декември 2019 година, со тоа што во точка 3 од истиот заклучок Министерството за здравство се задолжува да ја информира Владата за текот и прогресот на секои 9 месеци се до конечна реализација на набавката.

4) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави информација за дополнителната дејност на лекарите и за можноста за функционализирање на истата, согласно Заклучокот по точката 102 - (Прашања и предлози), донесен на 136-та седница на Владата, одржана на 21 мај 2019 година.

5) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за измена на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, во насока на зајакнување на критериумите за давање на одобрение за одгледување канабис за медицински цели, согласно Заклучокот по точката 170 - (Прашања и предлози), донесен на 82-та седница на Владата, одржана на 31 јули 2018 година, со оглед дека Министерството за здравство до Владата има доставено нов Предлог - закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.

6) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за имплементација на проектот за класификација и снимање на податоци за повредените во сообраќајна незгода, преку прифаќање на методологијата и класификација MAIS (Maximum Abbreviated Injury Sistem),

согласно насоките дадени од страна на консултантите, согласно Заклучокот под број 6 по точката 23 - Информација за потреба од формирање на извршно тело кое ќе има за одговорност подобрување на безбедноста во сообраќајот на патиштата, донесен на 57-та седница на Владата, одржана на 6 март 2018 година.

7) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за исходот од постапувањето на Управата за јавни приходи во врска со наодот за сторнираните фискални сметки во ЈЗУ „Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија“, согласно Заклучокот под број 5 по точката 41 - Конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа „Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболични нарушувања“, Скопје, Сметка за средства од Фондот (737) и Сметка за средства од програмите за здравствена заштита, сопствено учество на осигурените лица во цената на здравствената услуга и други средства од сопствени приходи (531), донесен на 125-та седница на Владата, одржана на 12 март 2019 година, од причина што Министерството за здравство до Владата има доставено нова Информација за реализација на активностите наведени во Акцискиот план за имплементација на дадените препораки од Конечните извештаи од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавна здравствена установа Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија - Скопје (усвоена на 169-та седница на Владата, одржана на 10.12.2019 година).

8) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за прогресот на активности во реализација на проектот „Служби за помош и поддршка на стари лица (кои живеат сами) домашна посета и домашен лекар“, согласно Заклучокот по точката 58 - Информација за проектот „Служби за помош и поддршка на стари лица (кои живеат сами), домашна посета и домашен лекар“, донесен на 40-та седница на Владата, одржана на 28 ноември 2017 година.

9) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Бункер за акцелератор во рамки на ГОБ - 8 Септември“, согласно Заклучокот под број 6 по точката 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година, од причина што Акцискиот план за проектот „Бункер за акцелератор во рамки на ГОБ - 8 Септември“ е целосно завршен, односно изграден е бункер и извршен технички прием на бункерот за акцелератор во рамки на ГОБ - 8 Септември“.

10) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Зајакнување на одделот за Интензивна нега при Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби”, согласно Заклучокот под број 10 по точката 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

11) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Изградба на нов Ургентен центар за Општа болница Куманово", согласно Заклучокот под број 14 по точката 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

12) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Комплетно внатрешно реновирање на објектот на Клиничка болница Битола", согласно Заклучокот под број 12 по точката 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

13) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Комплетно реновирање на објектот на Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби", согласно Заклучокот под број 9 по точката 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

14) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Мерки за превенција од болести предизвикани од прекумерна телесна тежина", согласно Заклучокот под број 64 по точката 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

15) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Модул за следење на имунизацијата во реално време", согласно Заклучокот под број 30 по точката 6 - Прашања и предлози, донесен на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

16) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Национален центар за читање на резултати од РТГ снимки, КТ, МР, Мамографија", согласно Заклучокот под број 27 по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

17) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Превентивни прегледи за социјално ранливи групи", согласно Заклучокот под број 57, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

18) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Проширување и унапредување на условите за третман на пациентите во Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија", согласно Заклучокот под број 8, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

19) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Развој на специјалности, здравствена карта (Мастер план)", согласно Заклучокот под број 47, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

20) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Развој на центри за рехабилитациона медицина" , согласно Заклучокот под број 44, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

21) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Регулирање на аптекарска дејност/Закон за аптекарска дејност" , согласно Заклучокот под број 54, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

22) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на Акцискиот план за проектот „Центар за психолошка поддршка на пациенти со тешки заболувања (карциноми)", согласно Заклучокот под број 46, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

23) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот на активности во реализацијата на иницијативата за соединување - централизирање на дејноста Онкологија и Радиотерапија во рамките на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје со основање на подрачни одделенија во ГОБ „8-ми Септември" - Скопје, КБ Штип и КБ Битола, како и низ останатите градови во Републиката, согласно Заклучокот по точка 87, донесен на 152-та седница на Владата, одржана на 3 септември 2019 година.

24) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за прогресот на активности поврзани со набавката на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина - Скопје, согласно Заклучокот под број 2, по точка 44 - Информација за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за

доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина - Скопје, донесен на 140-та седница на Владата, одржана на 18 јуни 2019 година.

25) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за текот и прогресот на активностите во врска со повеќегодишниот договор за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на јавните здравствени установи во Република Македонија, согласно Заклучокот под број 3, по точка 66, донесен на 118-та седница на Владата, одржана на 5 февруари 2019 година.

26) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Реконструкција на здравствен дом Пробиштип", со Акциски план, согласно Заклучокот под број 3, по точка 76 - Прашања и предлози, донесен на 11-та седница на Владата, одржана на 1 март 2016 година.

27) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Дооформување и адаптација на објектот на Општа болница Струмица", согласно Заклучокот под број 17, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

28) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Зајакнување на одделот за Интензивна нега при Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби", согласно Заклучокот под број 10, по точка 6, донесен на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

29) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Мобилна апликација за преглед на слободни термини", согласно Заклучокот под број 29, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

30) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Модул за следење на имунизацијата во реално време", согласно Заклучокот под број 30, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

31) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Надградба на Електронскиот здравствен картон", согласно Заклучокот под број 35, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

32) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Национален Лабораториски информациски систем", согласно Заклучокот под број 28, по точка 6 - Прашања и

предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март  2017 година.

33)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Национален центар за читање на резултати од РТГ снимки, КТ, МР, Мамографија”, согласно Заклучокот под број 27, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март  2017 година.

34)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Развој на нов концепт за управување со административните и техничките капацитети и одржување на Клиничкиот центар - Мајка Тереза”, согласно Заклучокот под број 3, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

35)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за проектот „Укинување на здравствените книшки и сини картони”, согласно Заклучокот под број 65, по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на продолжението на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март  2017 година.

36)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за текот и прогресот на активностите во врска со Проектот - Реконструкција на покривот на здравствен дом Виница, согласно Заклучокот под број 4, по точка 76 - Прашања и предлози, донесен на 11-та седница на Владата, одржана на 1 март  2016 година.

37)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со Акциски план за текот и прогресот на активностите во врска со Проектот - Реконструкција на санитарните јазли во Здравствен дом „Здравје“ - Валандово, согласно Заклучокот под број 2, по точка 76 - Прашања и предлози, донесен на 11-та седница на Владата, одржана на 1 март  2016 година.

38)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација со детална компаративна анализа во однос на регулирањето на заштитата од пушењето во земјите-членки на Европската Унија, согласно Заклучокот под број 1 , по точка 71 - Прашања и предлози, донесен на 107-та седница на Владата, одржана на 11 декември  2018 година.

39)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Барање за финансиски средства за изработка на инфраструктурни проекти - Урбанистички план вон населено место Веле Поле, согласно Заклучокот по точка 11, донесен на 155-та седница на Владата, одржана на 24 септември  2019 година.

40)  Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Информација за прогресот на активностите за доделување на

повеќегодишен договор за јавна набавка на медицинска опрема во ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија, согласно Заклучокот по точка 55, донесен на 11-та седница на Владата, одржана на 1 март 2016 година.

41) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да доставува информации за прогресот од активностите од Акцискиот план за проектот „Развој на специјалности, здравствена карта (Мастер план)“, согласно Заклучокот под број 2, по точка 29, донесен на 42-та седница на Владата, одржана на 12 декември 2017 година.

42) Да престане да важи обврската на Министерството за здравство до Владата да достави Предлог-програма за остеопороза и ослободување од партиципација, согласно Заклучокот по точка 6 - Прашања и предлози, донесен на 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10 март 2017 година.

**6.** Владата го разгледа Барањето за престанување на важење на заклучок од седница на Владата, доставено од Министерството за економија и притоа заклучи:

- обврската на Министерството за економија по Заклучокот под реден број 16 од Извадокот од Нацрт-записникот од 24-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22 август 2017 година, Точка 15 - Информација за статусот на реализација на преостанатите барања и иницијативи на посетените компании во рамки на проектот „Учиме од бизнис заедницата“ - сите пет циклуси на посети на компании, заклучно со 12.7.2017 година, да престане да важи со оглед дека оваа проблематика е апсолвирана во одредбите на Законот за возила.

**7.** Владата го разгледа и го прифати Барањето на Комисија за заштита на конкуренцијата за измена на заклучок донесен од Владата и заклучи:

- во Извадокот од Нацрт записникот од 169-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 декември 2019 година по т.34- Информација за спроведување на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Република Северна Македонија 2019 – 2023, со Акциски план, заклучокот под реден број 4 „Се задолжува Комисијата за заштита на конкуренцијата да изготви информација за доделената финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година кој ќе содржи родово разделени податоци и истата да ја достави до Владата, најдоцна до 15 февруари 2020 година“, да се измени и да гласи „Се задолжува Министерството за економија да изготви информација за доделената финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година кој ќе содржи родово разделени податоци и истата да ја достави до Владата, најдоцна до крајот на април 2020 година“.

**8.** Владата го разгледа Барањето на Комисијата за заштита на конкуренцијата за престанување на важење на заклучок донесен од Владата и заклучи:

- во Извадокот од Нацрт-записникот од 160-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 октомври 2019 година по т.28-Информација за доделување државна помош на Друштво за производство на електрична и топлинска енергија „ТЕ-ТО“,м,. Скопје, со текст на Договор за доделување на државна помош, во заклучокот „Се укажува на Комисијата за заштита на

конкуренцијата да постапи по Законот за контрола на државната помош и согласно член 8 став 3, во рок од 30 дена, до Владата да достави соодветна предлог-уредба“, наместо „во рок од 30 дена“, да биде „до крајот на јули 2020 година“.

**9.** Владата го разгледа и прифати Барањето на Општина Карпош за стручна проценка на штета на објекти, настанати од природни непогоди на 4 и 6 февруари 2020 година и го задолжи Бирото за судски вештачења да ги изврши стручните проценки на штети настанати од природни непогоди на 4 и 26 февруари 2020 година, за пристигнатите предмети во Општина Карпош, без надомест.

**10.** Согласно укажувањето на м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Владата ја задолжи Дирекцијата за технолошки, индустриски развојни зони за наредната седница на Владата да подготви и до Владата да достави детална информација во врска со Договорот склучен помеѓу Дирекцијата за технолошки, индустриски развојни зони и приватниот партнер за ТИРЗ – Тетово и причините зошто не се издава потребната потврда на приватниот партнер, согласно Договорот.

**11.** Владата по Извештајот за сите општини за имплементација на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и на Градот Скопје заклучи:

- Се задолжува Комисијата за спроведување и следење на имплементирањето на еколошката мерка за субвенционирање на граѓаните со високоефикасни инвертер клима уреди за потребите на домаќинствата во општините Битола, Кичево, Тетово и на Градот Скопје, а кои користат енергетски неефикасни уреди за греење во нивните домаќинства кои влијаат на зголемување на концентрација на РМ10 и РМ2.5 да подготви и на наредната седница на Владата детален извештај (комплетен скрининг) на состојбата со јавните повици во општините Битола, Кичево, Тетово и на Градот Скопје, во насока на тоа дали при спроведувањето на оваа мерка општините ги почитуваат насоките на Владата.

## Точка 35

Владата ги разгледа конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за хидрометеоролошки работи да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2018 година и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Точка 36

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о., за период од 1 јули 2019 година до 30 септември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, согласно Мислењето на Министерството за финансии, Владата заклучи да им укаже на надлежните органи на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје ц.о. Скопје, извештаите за материјално - финансиското работење на претпријатието да се доставуваат на разгледување навремено, односно веднаш по завршување на периодот за кои истите се однесуваат.

Точка 37

Владата ги разгледа Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на „МЕР“ АД, Скопје за периодот од 1.1.2019 година до 31.3.2019 година и Тримесечниот извештај за работата и материјално-финансиското работење на МЕР АД Скопје за периодот од 1.4.2019 година до 30.6.2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата согласно мислењето на Министерството за финансии им укажа на надлежните органи на „МЕР“ АД, Скопје да преземат мерки за намалување на непродуктивните расходи во тековното работење, ако се има предвид дека истото не остварува приходи од дејноста.

Точка 38

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-п.о.-Скопје за периодот октомври-декември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата им укажува на надлежните органи на ЈП за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-п.о.-Скопје да преземаат мерки за намалување на непродуктивните расходи, согласно мислењето на Министерството за финансии.

Точка 39

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Цивилно - воениот комитет за воздухопловство за 2019 година, како материјал за информирање.

Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за мерките што ги презема Агенцијата за храна и ветеринарство за контрола на класична чума кај свињите во Република Северна Македонија за периодот од 1.8.2019 година до 31.1.2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со склучување на Меморандум за соработка заради одржување на финансиска стабилност, како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Буџетските средства за 2019 година наменети за реализација на Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2017-2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 43**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата од Работната група која е задолжена да изработи анализа за начинот и можностите за субвенционирање, по завршувањето на изборниот процес.

**Точка 44**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на тнг, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, како материјал за информирање.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата за реализирани средства обезбедени од Буџетот на Република Македонија од 2014 до 2018 година за Потпрограмата 4А - плоштад „Скендербег“, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на проектот „Грантова шема за регионален развој и постигнати резултати“, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности „Национални енергетски ресурси“, Скопје во државна сопственост, со нов текст на предлог – одлуки и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за покренување на постапка за одржување на Годишно собрание на акционери на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

2. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“, Скопје во државна сопственост за 2018 година, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за одобрување на финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности „Македонски енергетски ресурси“, Скопје во државна сопственост за 2018 година, во предложениот текст.

4. Ја донесе Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2018 година, во предложениот текст.

5. Ја донесе Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2018 година (Александра Маројевиќ - независен неизвршен член и претседател на Одборот на директори), во предложениот текст.

6. Ја донесе Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2018 година (Дејан Цветаноски - неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

7. Ја донесе Одлуката за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Македонски енергетски ресурси Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2018 година (Бајрам Реџепи - извршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

8. Ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост за 2019 година, во предложениот текст.

<u>Точка 48</u>

Владата ја разгледа Понудата од нотар Кристина Костовска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.959937 за КО Чаир, на КП 1173/2 и КП 1173/7, м.в. II Македонска Бригада 6б и доставената Исправка и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

<u>Точка 49</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од законска пресметка и исплата на платите и надоместоците на плати на вработените во територијалните противпожарни единици (ТППЕ) во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за локална самоуправа во консултација со ЗЕЛС, да им препорача на единиците на локална самоуправа да ги преземат потребните активности со цел усогласување на правилниците за пресметка на плата и додатоци на плата согласно законските прописи и правилна исплата на плата и додатоци на плата на професионалните пожарникари во ТППЕ на Градот Скопје и општините, преземени од Министерството за внатрешни работи во 2005 година, согласно Законот за пожарникарство од 2004 година.

2. Се препорачува на единиците на локалната самоуправа да ги коригираат правилниците за плати, согласно законските и подзаконски акти, со цел преку правилна пресметка на плати и додатоци на плати на професионалните пожарникари, да ги искористат доделените наменски дотации за 2020 година за правилна, законска исплата на платите и додатоците на плати на професионалните пожарникари во ТППЕ преземени од Министерството за внатрешни работи во 2005 година, нивелирана со исплатата за јануари 2020 година.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 82, МХЕЦ „Пена“ со реф. бр 84, МХЕЦ „Пена“ со реф.бр. 85, МХЕЦ „Шеличе“ со реф.бр.91 на концесионерот „Гравис Хидро“ ДОО Гостивар од аспект на заштитата на подрачјето на Шар Планина и заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање откако ќе ги заврши преговорите со концесионерите, предложени во Информацијата, да подготви и до Владата да достави информација со Предлог – решение во врска со ова прашање.

**Точка 51**

Владата во врска со Информацијата за статус на прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата Национален парк и прогласување на дел од Осоговските планини за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел заклучи надлежните министерства, во рок од 15 дена, по материјалот да достават писмени мислења.

Притоа, прашањето за прогласувањето на Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата Национален парк и прогласување на дел од Осоговските планини за заштитено подрачје во категоријата заштитен предел, да се раздвојат како два материјали.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Известувањето на „Wizz Air“ за привременото суспендирање на летовите од аеродромите во Република Северна Македонија кон и од Италија, ја усвои Информацијата и заклучи дека суспендирањето на летови на „Wizz Air“ кон и од Италија: Скопје-Милано Малпенса, Скопје-Венеција Тревизо, Охрид- Милано Малпенса, е прифатливо сметано од 8.3.2020 година до 3.4.2020 година и за Скопје - Рим сметано од 10.3.2020 до 3.4.2020 година и го задолжи Министерството за транспорт и врски за истото да го извести „Wizz Air“.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15:10 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**